РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1015/2
06. 05 2025 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted], ул. [redacted], со број 10-1015/1 од 07.04.2025 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот [redacted], ул. [redacted] заверено под број 10-1015/1 од 07.04.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата [redacted], преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 07.04.2025 година заверено под број 10-1015/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација дали во последните 30 дена е извршен вонреден инспекциски надзор на сите барови, ресторани, кафулиња, кабареа, ноќни клубови, дискотеки и др. на територија на Општина Ресен и што е констатирано.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира за следното: ва нашата територија нема кабареа, ноќни клубови и дискотеки, регистрирани се 13 (тринаесет) угостителски објекти (ресторани, кафулиња, кафе бар) од кои 12 (дванаесет) работаат. Одделението за инспекциски надзор инспекторат го сочинуваат инспектор за животна средина, инспектор за патен сообраќај и комунален инспектор. Од наведените инспектори согласно постоечките законски прописи надлежност над работата на овие угостителски објекти има инспекторот за животна средина и тоа исклучиво над елаборатите за заштита на животна средина. Согласно член 24 од Закона за животна средина наведените објекти треба да имаат изработено елаборат за заштита на животна средина истиот да биде поднесен до Градоначалник на Општина Ресен и да биде донесено Решение за негово одобрување, што значи дека угостителскиот објект ги исполнува условите за негово работење во корелација со животна средина.

Во последните 30 (триесет) дена извршени се вонредни инспекциски надзори само над три угостителски објекти бидејќи согласно постоечките регистри на Општина Ресен само тие објекти немаат изработено Елаборат за заштита на животна средина. Истите од страна на инспекторот за животна средина со решение се задолжени во соодветен рок да го изработат Елаборатот и достават го Градоначалник на Општина Ресен.

Останатите угостителски објекти имаат изработено Елаборати и имаат решенија за нивно одобрување и над сите се извршени инспекциски надзори во периодот кога им биле дадени решенијата за одобрување за истото записнички да биде констатирано.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**